**НЕЗАВИСЕН АКАДЕМСКИ СИНДИКАТ (НАкС)**
**III КОНГРЕС**

# ПРОГРАМСКИ НАСОКИ
## за активностите на Независниот академски синдикат (НАкС) за периодот од 2024 до 2028 година

Независниот академски синдикат (НАкС) е демократска, невладина, непартиска организација на вработени на универзитетите, факултетите, научно-истражувачките институти и сродните установи во РСМ. Во НАкС доброволно се зачленуваат вработените во јавните и приватните високообразовни институции и научноистражувачки установи. Синдикатот е формиран со цел неговите членови на организиран начин да ги изразуваат и остваруваат своите посебни и колективни права и интереси што произлегуваат од работниот однос. Независниот академски синдикат од своето формирање па до денес целосно е посветен на зачувувањето и унапредувањето на автономијата на универзитетот, при што особено внимание посветува на зајакнувањето на свеста за значењето на негување и заштита на академските слободи.

НАкС континуирано и доследно се залага за реетаблирање на дигнитетот на академскиот сектор и за зајакнување на статусот и влијанието на академската заедница во македонското општество. Независниот академски синдикат се залага за доследна одбрана на дигнитетот на своите членови, како и за нивна постојана и сеопфатна синдикална заштита, којашто во суштина подразбира:

- заштита на личниот, професионалниот и стручниот интегритет на своите членови согласно принципот на автономијата на универзитетот; заштита на правата што произлегуваат од работен однос;
- подобрување на условите за работа, заштита при работа, заштита на животната и работната средина, како и посебна грижа за здравјето и животот на вработените во процесот на работата;
- подобрување на условите за професионален развој, како и унапредување и заштита на интелектуалната работа и творештвото, како и остварување на други цели и интереси на членовите.

### I. Социјално-економската положба на работниците и социјалниот дијалог

НАкС се залага за доследно валоризирање и почитување на вложениот труд и на креативноста на работникот, за стриктно почитување на придонесот што го има остварено работникот во однос на институцијата во којашто е вработен, но воедно и во однос на пошироката општествена заедница. НАкС се залага за достоинствен третман на трудот во сите економски и социјални аспекти. Согласно со сопствените надлежности НАкС во рамките на социјалниот дијалог секогаш ќе инсистира на соодветно вреднување на трудот и соодветно валоризирање на неговиот удел во придонесот за економскиот развој на институцијата – работодавач како и за општеството во целина. НАкС ќе се залага за

обезбедување на финансиско-материјални услови за достоинствен живот за сите вработени во академскиот сектор, за што врз основа на Статутот на НАкС и позитивните законски акти има соодветни ингеренции.

Суштината на постоењето и работата на синдикатите се отсликува во процесите на социјален дијалог и колективното преговарање, како директна можност за остварување највисоко можно ниво на заштита и на почитување на правата на работниците, како и на соодветна и достоинствена валоризација на нивниот труд. Оттаму, наместо еднострани законски решенија, НАкС ќе инсистира на склучување нов гранков колективен договор со кој ќе се унапредат веќе стекнатите права на вработените, како и на доследно почитување и примена на одредбите од потпишаните колективните договори. Доколку се покаже дека колективните договори не се применуваат или не се почитуваат, согласно своите надлежности и позитивната законска рамка, Синдикатот ќе се бори за нивна доследна примена, притоа како крајна мерка на притисок врз структурите што ги прекршиле одредбите на колективниот договор Синдикатот нема да ја исклучи и можноста за организирање на штрајкови на солидарноста. Во рамките на социјалниот дијалог покрај создавање економски амбиент за континуирано подобрување на животниот стандард на вработените во академскиот сектор, НАкС ќе се залага и за обезбедување достоинствени и безбедни услови за работа на вработените во академскиот сектор, како и за нивна соодветна правна и социјална заштита во случај на привремено или трајно губење на работното место кое би произлегло од објективни економски причини.

## II. Заложби за унапредување на автономијата на универзитетот и за зајакнување на квалитетот на академската научно-образовна дејност

Универзитетската автономија и академските слободи, како и материјално-техничките можности се основни предуслови за реализација на високообразовната и научно-истражувачката дејност. За подобрување на условите за работа на вработените во целокупниот високообразовен и научно-истражувачки простор, а во согласност со најавените законски промени, НАкС ќе се залага за

- зачувување и унапредување на автономијата на универзитетите и научните установи;
- поставување рамка за зголемена транспарентност и отчетност во нивното работење;
- соодветно финансирање на дејноста во согласност со европските трендови за повисоки процентуални буџетски издвојувања.

Во таа насока Синдикатот ќе продолжи да иницира и да придонесува со своја партиципација во креирањето решенија и измени на сите релевантни закони и прописи врзани со високото образование и научно-итрсжувачката дејност, како во рамките на социјалниот дијалог со ресорното министерство, така и преку дејствување во институциите и телата надлежни за унапредување на состојбите во високото образование и науката во РСМ.

Клучниот документ за финансирање на дејноста, кој е во надлежност на Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност, сè уште не е донесен. Оттука, има простор НакС да се заложи за донесување модел за финансирање на

јавните универзитети, што ќе обезбеди соодветно и стабилно финансирање на дејноста и истовремено ќе воведе систем за развој според постигнатите резултати.

Состојбите во науката кај нас се во катастрофална положба и потребни се итни мерки за подобрување на оваа дејност. Наместо да се гледа науката како главен двигател за економскиот подем на државата, таа кај нас за жал сè уште се смета за потрошувачка дејност. Поради тоа, треба да се има свесност дека науката претставува стратешки приоритет од кој зависи развојот на државата. НАкС ќе се залага и инсистира под итно да се изнајде начин во краток временски период издвојувањата за научно-истражувачката дејност (НИД) да бидат во висина од најмалку 1 % од БДП, а обврзно да биде зголемување на средствата за НИД во висина од 0,2 % од БДП на годишно ниво во земјата. Политиките во НИД треба да бидат насочени кон конкретно подржување на фундаменталните и апликативните науки. Истовремено, во законот за високо образование (ВО) и НИД ќе бараме да се изнајде форма за континуирано вработување, особено на млад научен кадар, т.е. на секое пензионирано место во ВО и НИД по автоматизам да се вработуваат нови лица, по можност млади. Синдикатот смета дека една од најважните работи е да постои континуитет на научната политика во државата, што нема да зависи од секоја смена на власта, а ќе ги применува начелата на ЕУ во оваа област.

Во борбата за подобрување на условите за работа во високообразовниот и научно-истражувачкиот сектор НАкС ќе се обиде да воспостави принципиелна соработка со останатите синдикати од областа, како и со раководствата на високообразовните и научно-истражувачките установи.

Во јавниот простор НАкС ќе посвети особено внимание на афирмирање на поврзаноста помеѓу автономијата и материјално-финансиските можности за реализација на дејноста, од една страна и квалитетот на високото образование и науката од друга.

## **III. Заштита на правата на работниците**

НАкС се залага за доследна заштита на правата на работниците, при што ја препознава и потенцира сопствената улога и одговорност во процесот на обезбедување на доследна заштита на посочените права. Соодветно на тоа НАкС е должен континуирано да ги зајакнува сопствените потенцијали и сопствената подготвеност за соодветна заштита на правата на работниците, а воедно да ја зголемува транспарентноста на сопствените постапки во процесите што се однесуваат на заштитата на правата на работниците. Овие активности ќе се реализираат преку доследно спроведување на законските одредби со кои се регулира заштитата на правата што произлегуваат од работниот однос, како и од одредбите што ги регулираат општите права на граѓаните. Својата базична обврска за заштита на правата на работниците НАкС ќе ја остварува преку јакнење на своите организациски капацитети, што подразбира и спроведување на соодветна едукација и стручно оспособување на синдикалните активисти, како и воспоставување на континуирана соработка со правни канцеларии. Притоа, Синдикатот ќе овозможува бесплатна правна помош и заштита на членовите на Синдикатот. НАкС ја препознава сопствената одговорност во промовирањето, застапувањето и одбраната на гарантираното уставно право на здравствена заштита на секој поедининец. Секој работодавач е должен да се грижи, да го заштитува и унапредува здравјето на своите вработени, а воедно колку што

е во негова моќ да го заштитува и унапредува и здравјето на членовите на семејствата на своите вработени. Здравјето е основно право, па Синдикатот јасно ќе ја посочува одговорноста на работодавачите во дадената област.

НАкС ќе се залага за:

- доследна примена на Законот за безбедност и здравје при работа;
- обезбедување на достоинствени услови за работа на вработените во академскиот сектор;
- обезбедување на безбедна и здрава работна средина.

Синдикатот ќе инсистира на стриктна примена на соодветните, со закон пропишани, стандарди со кои се регулира обезбедување на здрава работна средина.

## IV. Организациски мерки за зголемување на членството и зајакнување на материјално-финасискиот потенцијал на НАкС

Независниот академски синдикат стои на ставот дека потенцијалот и силата на Синдикатот произлегува од масовноста на членството на синдикатот. НАкС ќе преземе соодветни организациски мерки со цел да ги афирмира своите основни принципи пред пошироката академска јавност, со што би се овозможило поголем број вработени во академскиот сектор да можат да пристапат во редовите на синдикатот. Особено внимание НАкС ќе посвети на рамномерен развој на синдикалното здружување во универзитетските центри, и за таа цел ќе се овозможи:

- континуирано организирање на едукација на синдикалните активисти, со што ќе се зголеми нивниот капацитет за колективно договарање, обезбедување на соодветна правна заштита; НАкС ќе посвети големо влијание на континуирана едукација и оспособување на раководните кадри на синдикалните организации и на синдикалната администрација. Едукацијата ќе биде соодветно конципирана при што истата ќе се состои од: семинари за синдикално дејствување на раководствата на синдикалните организации, стручни семинари насочени кон стекнување на знаења и вештини неопходни за колективно преговарање, раководење на штрајк итн; панел дискусии, тркалезни маси и синдикални работилници;
- зајакнување на континуираната ефективна комуникација со членовите, анимирање на потенцијалното членство и привлекување на нови членови во синдикалните организации на НАкС. Активностите на НАкС на полето на јавно промовирање на своите ставови и заложби, што воедно ќе претставува пат кон придобивање на ново членство, ќе бидат насочени кон: организирање на тематски панел дискусии за прашањата од доменот на Синдикатот;
- континуирано информирање на медиумите за тековните активности на Синдикатот и адекватно алармирање и запознавање на академската јавност со најзначајните процеси што ја детерминираат работата на академскиот сектор;
- отпочнување на процесот на професионализација на синдикалната администрација на централно ниво.

Основен извор на финансирање на Синдикатот е членарината што ја уплаќаат членовите на Синдикатот, а која изнесува 0,5 проценти од нето платата. Принципот на распределба на средства стекнати од членарина е детално утврден во согласност со

Статутот на НАкС. Со зголемувањето на членството ќе се зголеми и приливот на средства од членарината. За дополнително зајакнување на материјално-финансиските состојби на Синдикатот во согласност со Статутот на НАкС и програмските определби на НАкС ќе се настојува дел од програмските активности да бидат финансиски помогнати од организации и фондации, коишто ќе покажат интерес за истото. Дополнителни средства можат да бидат обезбедени и по пат на донации, подароци, прилози и други извори.

**V. Соработка со други синдикати и меѓународна соработка**

НАкС е принципиелно подготвен да воспостави соодветна соработка, во насока на остварување на програмските цели на Синдикатот, со сите синдикати што ги промовираат принципите на почитувањето на достоинството и правата на сите работници без разлика на нивното работно место, општиот социјален статус, степенот на нивното образование, конфесионалната, етничката, политичката и половата припадност. НАкС своите усилби ќе ги насочи кон воспоставување на соработка со синдикати од областа на образовната и научната дејност, при што посакувани облици на соработка се: заеднички настап во социјалниот дијалог, соработка во конципирањето и застапувањето на јавните политики од областа на образовната и научната дејност; организирање на заеднички едукативни активности; заеднички настап во телата на национални и меѓународни синдикални здружувања; заедничко учество во протести и предупредувачки штрајкови. НАкС ќе се грижи да воспостави активна соработка со сродни синдикати на меѓународно ниво. Синдикатот особено ќе се фокусира на воспоставување на плодна соработка со сродни синдикати од регионот. Во соработка со партнерските синдикални организации НАкС ќе работи на имплементирањето на меѓународните признаени стандарди на трудот, остварувањето на слободата на синдикалното здружување, остварувањето на правото на колективно преговарање, како и обезбедувањето на соодветна и квалитетна едукација на членовите и активистите на синдикатот.